


# *Ажурирање и корегирање на лични податоци на членовите во втор и трет столб*

Следете не и на:

http://www.facebook.com/MAPAS.MK

*„Точното информирање е клучен дел во мотивацијата "*
*Mary Ann Allison*

***„Во отсуство на информации се избрзува во донесување на погрешни заклучоци"***
***Myra Kassim***

Со цел точно и навремено да Ви бидат доставени известувањата кои пензиските друштва ги доставуваат до своите членови од втор и трет столб од особено значење е да ги ажурирате Вашите лични податоци. Со ажурирање на Вашите лични податоци, Вие како член на пензискиот фонд, ќе им овозможите на пензиските друштва, навремено и редовно да Ве известуваат за состојбата на Вашата сметка и Вашите права.

На овој начин, Вие навремено ќе се информирате за тоа дали работодавецот редовно Ви ги уплаќа договорените и законски утврдените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување.



**ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ Е ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КАКО ЧЛЕН НА ПЕНЗИСКИ ФОНД ДА БИДАТ ЦЕЛОСНИ, ТОЧНИ И НАВРЕМЕНО АЖУРИРАНИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЧЛЕНОВИ.**

## Каде и како да ги ажурирате Вашите лични податоци?

Заради ажурирање или корегирање на Вашите податоци, Вие како член на пензиски фонд треба да пополните - Барање за ажурирање или корекција на лични податоци. При пополнување на барањето, Вашето пензиското друштво, преку овластено лице или агент, ќе изврши увид во Вашиот документ за лична идентификација, со што ќе го потврди Вашиот идентитет на член кој доставува барање за ажурирање или корекција на личните податоци. Тоа може да го направите во седиштето на Вашето пензиско друштво или во најблиска експозитура со која пензиското друштво соработува.

Деловен соработник на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје е Комерцијална Банка АД Скопје и Вашите податоци можете да ги ажурирате во секоја експозитура и филијала на банката во која има регистриран агент.

Деловен соработник на НЛБ Нов пензики фонд АД Скопје е НЛБ Банка АД Скопје и Вашите податоци можете да ги ажурирате во секоја експозитура и филијала на банката во која има регистриран агент.

***Барањето за ажурирање или корекција на Вашите лични податоци можете да го преземете од веб страницата на Вашето пензиско друштво.***

## Електронско ажурирање!!!

Овозможен е полесен начин за ажурирање на Вашите лични податоци преку електронски систем на интернет страницата на пензиското друштво каде сте член. Со цел промена на лични податоци, потребен Ви е верификациски код со кој Вие лично ќе ги потврдите новите податоци во Вашиот профил. Потребно е да се обратите во Вашето пензиско друштво и да ги следите инструкциите. Вие како член може да ги ажурирате следните лични податоци: име, презиме, адреса на живеење, адреса за коресподенција, телефон и електронска пошта. **Ажурирањето на Вашите лични податоци преку интернет страната можете да го извршите преку пристап до “Лична сметка”, каде во делот “Лични податоци” ги внесувате Вашите ажурирани лични податоци.**



## Зошто да изберете вашиот Извештај за пензиска заштеда да го добивате електронски по e-mail ?

Заради поефикасна комуникацијата (навремена и брза), а воедно и увид на сите Ваши извештаи во посебна електронска папка, Вие како член на пензискиот фонд, можете да изберете Годишниот извештај за пензиска заштеда да Ви се доставува по електронски пат. Доколку и Вие сметате дека ова за вас е подобар начин на комуникација со Вашето пензиско друштво, извршете промена и ажурирајте ја Вашата електронска пошта. Се што треба да направите е да пополните соодветен формулар со кој се согласувате извештајот да Ви се доставува по електронски пат, кој ќе го најдете на интернет страницата на Вашето пензиско друштво и да го доставите до нив.

***Сега веќе имате можност на брз, едноставен и современ начин да имате увид на состојбата на Вашата сметка како член на втор или трет столб преку on-line проверка на состојбата на сметката во секое време на интернет страницата на Вашето пензиско друштво.***



## Кој ги известува времено распределените членови за нивните права?

За сите времено распределени лица, МАПАС презема активности за известување се со цел да ги информира новововработените лица за тоа во кој пензиски фонд се времено распределени, за контакти од пензиските друштва, за условите за стекнување на членство во втор столб, како и за можноста за личен избор на пензиско друштво во рок од три месеци.







Бидејќи пензиските друштва не располагаат со адресни податоци од распределените лица, важно е лицата кои се распределени да ги ажурираат своите лични податоци во пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд во кој се распределени, се со цел да му биде овозможено на пензиското друштво да доставува годишен извештај за пензиска заштеда кој е од особена важност за транспарентноста на пензискит систем.

# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

### *Што се случува со моите придонеси додека изберам пензиски фонд?*

Вашите придонеси се чуваат на посебна индивидуална потсметка во задолжителниот пензиски фонд во кој сте времено распределени се додека не склучите договор за членство или станете трајно распределен член.

### *Пред 5 дена потпишав договор за членство во задолжителен пензиски фонд. Дали можам да го раскинам договорот?*

Доколку склучите договор за членство во задолжителен пензиски фонд и дотогаш не сте биле член на ниту еден задолжителен пензиски фонд, имате право на еднострано раскинување на договорот по писмен пат со поднесок за раскинување на договорот доставен до друштвото во рок од осум работни дена од датумот на склучување на договорот за членство.

### *Ја сменив адресата на живеење. Каде и како да ја пријавам оваа промена за да добијам Извештај за пензиска заштеда?*

Доколку имате промена во Вашите лични податоци потребно е да се обратите во пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд во кој членувате за да Ви се ажурираат податоците, по електронски пат или со доставување на барање до Вашето пензиско др друштво.

### *Кои надоместоци ги наплаќа пензиското друштво од членовите?*

Надоместок од придонеси, надоместок од средства и надоместок за премин, кои се наплаќаат заради извршување на основните функции на пензиското друштво.

# НАСТАНИ

## *Обука за агенти на пензиски друштва*

На 29.10.2016 година, во хотел Континентал – Скопје од страна на МАПАС беше организирана обука за агенти на пензиските друштва.
Обуката е дел од заложбите на МАПАС за подобрување на информираноста на членовите, за промовирање на капитално финансираното пензиско осигурување и за зголемување на свеста кај јавноста за правата од членувањето во вториот и третиот столб.
На обуката присуствуваа вкупно 217 регистрирани агенти и беше реализирана преку презентации на следниве теми:

– Вовед во КФПО и новини во системот;
– Значењето и улогата на агентите во КФПО;
– Инвестирање на средства и
– Исплата на пензии.

## *TAIEX проект*

Во период 12.12-14.12.2016 година беше одржана експертска мисија на тема Административни мерки и прекршочни казни организирана од TAIEX.
Целта на експертската мисија беше да се стекнат знаења потребни за имплементација на регулативата на ЕУ и да се соберат компаративни искуства и најдобри практики од регулаторите и надзорните органи во областа на административни мерки и прекршочни казни, заради приспособување со стандардите на ЕУ.
Ставен беше фокус на процедурите за спроведување на различни видови на санкции - административни мерки и прекршочни казни и истовремено беа опфатени и теми поврзани со супервизија на ризици. На експертската мисија учествуваа претставници од МАПАС, а водена беше од страна на експертите Párniczky Tibor од Central Administration of National Pension Insurance, Унгарија и Frederic Heinrich од The European Insurance and Occupational Pensions Authority (EIOPA).



**Имате прашања или поплаки?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 27001

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС)

Стив Наумов 100, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452
www.mapas.mk